Stadt Wien

**Newsletter**

# Започнува повеќејазичен инфо-сервис

27.03.2020



Од понеделник, 30 март 2020, Одделението за интеграција и диверзитет на Град Виена нуди сервис за информирање на повеќе јазици, што ќе трае во текот на кризата предизвикана од корона вирусот.

Прашањата во врска со кризата предизвикана од корона вирусот можете да ги поставите на Вашиот мајчин јазик. Ние ќе провериме дали веќе постојат соодветни одговори од официјални извори. Потоа ќе Ви се јавиме со информации на Вашиот мајчин јазик.

**Вашите прашања може да ги доставите преку:**
- Е-маил: post@ma17.wien.gv.at
- Фејсбук: startwien.at
- Телефон: 01 4000 81540 (Јавете се на телефон и информирајте нè на кој јазик сакате да го поставите прашањето. Некој од нашите соработници потоа ќе Ви се јави за да го поставите прашањето на саканиот јазик).

**Кога можете да стапите во контакт со нас:**
Од понеделник до петок од 9 до 16 часот. Ќе се обидеме да Ви одговориме на прашањето во рок од 24 часа.

**Ниту ние немаме одговор на сè!**
Соработниците на Одделението за интеграција и диверзитет на Град Виена не се експерти по прашања поврзани со корона вирусот. Меѓутоа, се обидуваме да Ви овозможиме информации од доверливи извори на Вашиот мајчин јазик. Ако на Вашето прашање не постојат одговори од доверливи извори, нема да бидеме во можност да Ви одговориме.Ве молиме за разбирање.

Stadt Wien | Integration und Diversität

Impressum